**ДП.бр.12-4-7-1**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во состав од Кети Арсова извршител, како заменик Претседател на Дисциплинска комисија и Гордана Цутеска извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Тања Милева од Апелационен суд Скопје, судија Јетмир Хамзаи од Апелационен суд Гостивар и Душица Димитриеска од Совет на Јавни обвинители на РСМ, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлог за поведување на дисциплинска постапка од Претседател на Комора на извршители на РСМ со бр.---- од 24.02.2025 година, против извршител С.П. од Т.– под суспензија, согласно член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23) на ден 14.04.2025 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

На извршител С.П. од Т.– под суспензија именуван за подрачјето на Основен суд Т., му се изрекува привремена забрана за вршењето на должноста – суспензија.

Привремената забрана за вршење на должноста за извршител С.П.–под суспензија, стапува на сила веднаш со нејзиното донесување и трае се до правосилноста на Решение ДП.бр.-----од 14.04.2025 година на Дисциплинската Комисија при КИРСМ, со кое на извршителот му е изречена дисциплинска мерка, Трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Образложение

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ постапувајќи по Предлог за поведување на дисциплинска постапка со бр.----- од 24.02.2025 година на Претседател на Комора на извршители на РСМ, на одржан главен претрес на ден 14.04.2025 година донесе Решение ДП.------ со кое Предлогот за поведување на дисциплинска постапка со бр.--- од 24.02.2025 година на Претседателот на КИРСМ, против извршител С.П. - под суспензија, се усвојува и извршител С.П.– под суспензија, именуван за подрачјето на Основен суд Т. со седиште на ул. --- бр.--- во Т., се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда по член 66 став 1 алинеја 4 од Законот за извршување:„ за време за кое привремено му е одземено правото за вршење на должноста или суспензија, врши работи на извршување или на друг начин ја избегнува казната", па му се изрекува дисциплинска мерка ТРАЈНО одземање на правото за вршење на должноста извршител. Врз основа на член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) на извршителот С.П.- под суспензија му се изрекува суспензија се до правосилноста на одлуката за ТРАЈНО одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Од причина што беа исполнети законските услови, од член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување, Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ донесе одлука со која на извршителот С.П.- под суспензија му изрекува Привремената забрана за вршење на должноста- суспензија се до правосилноста на одлуката за Трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител со Решение ДП.бр.----- од 14.04.2025 година на Дисциплинската Комисија при КИРСМ.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на ден 14.04.2025 година, одлучи врз основа на член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23), како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против оваа одлука дозволена е тужба до Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по прием.

Д.Н. : Извршител С.П.– под суспензија, Т.
Претседател на КИРСМ
Извршител А.К. од Г., заменик извршител на извршител С.П.- под суспензија
Министерство за правда на РСМ
Претседател на Основен суд Т.
Архива

**Дисциплинска комисија при КИРСМ**
Заменик Претседател,
Кети Арсова

-----------------------------------------------